## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ОД ЗЕМЈАТА НА ПОТЕКЛО ВО ПРОЦЕС НА НАТУРАЛИЗАЦИЈА

Иако главниот услов- законски престој од 8 години во Р.Македонија, е постигнат, како пречка во процесот на натурализација на овие лица со некои од условите предвидени во член 7 од Законот за државјанство на РМ. Имено се работи за потребните документи од земјата на потекло - Уверение дека не се води кривична постапка, Уверение од криминално досие и доказ за отпуст од досегашното државјанство.

Дополнително, покрај овие документи, Секторот за државјанство при МВР бара и документи од матичната држава што не се предвидени со Законот за државјанство на РМ како што се извод од матична книга на родени и уверение за слободна брачна состојба (ако лицето е во брак).

## ПРЕПОРАКА:

Во овие случаи постои ризик да се создадат егзистенцијални и безбедносни проблеми за овие лица, бидејќи им е признаено правото на азил во РМ врз основ на фактот дека ја напуштиле својата матична држава, односно државата на нивното државјанство, поради страв од прогон и страв за безбедноста на нивниот живот.

Можно решение во однс на овој предизвик е лицето да даде изјава дека не е во можност да ги прибави овие документи од неговата/нејзината земја на потекло, бидејќи тој/таа е со признаено право на азил во Република Македонија, бидејќи согласно член 7 став 4 од Законот за државјанство на РМ: "По исклучок ако странската држава не дава отпуст или за отпуст од државјанство поставува такви услови кои странецот не е возможно да ги исполни, а притоа да не се создадат егзистенцијални или безбедносни проблеми за него и семејството, тој ќе биде примен во државјанство на Република Македонија ако даде изјава дека се откажува од странското државјанство."

Друга препорака е во случаите каде што како краен услов за прием во државјанство на РМ е потребно да ги добијат потребните документи од нивната земја на потекло, Секторот за азил при МВР да даде гаранции дека нема да го прекине правото на азил на овие лица се до нивниот прием во државјанство на Република Македонија.